**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5979/**

# З А П И С Н И К

**Од 232.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 26.10.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**,**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **,** Ивана Трајковска. и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

***232.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата почна во 12.10 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 231.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорни уредници на Втор програмски сервис на МТВ и Трет програмски сервис на МРА.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 231.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 231.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 231.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 231.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорни уредници на Втор програмски сервис на МТВ и Трет програмски сервис на МРА.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија по однос на оваа точка од дневниот ред достави на разгледување пред присутните членови- Предлог одлуки за избор на прворангирани кандидати по интерните огласи со бр.04-5511/6 и бр.04-5512/7 од 24.10.2023 година.
Од Директорот на МРТ беше доставено на разгледување а во врска со членот 37 став 2 и 3 од Статутот на ЈРП МРТ-Барање согласност за именување на одговорни уредници на Втор програмски сервис на МТВ и Трет програмски сервис на МРА.

Во согласност со Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП МРТ, констатирано беше дека се завршени сите административни процедури околу селекцијата на кандидатите.

Истовремено, одржана беше и Седница на Уредништвото на МРТ од којашто беше доставено Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорни уредници на Втор програмски сервис на МТВ и Трет програмски сервис на МРА.

-По расправата Барањето согласност за назначување на одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ да биде именувана Мерита Гаши беше ставено на гласање.

■**Барањето согласност за Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ** да биде именувана **Мерита Гаши** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **даде** согласност за именување на **Мерита Гаши** за Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ.

-Потоа беше ставено на гласање и Барањето согласност за назначување на одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА да биде именувана Себахат Нухиу.

■**Барањето согласност за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА** да биде именувана **Себахат Нухиу** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **даде** согласност за именување на **Себахат Нухиу** за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Програмски интерес за бесплатно емитување на фестивал за забавни песни со бр.14-5978/1 од 25.10.2023 година.

Седницата заврши во 12.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател